Почитувани

Предложениов и на ваков начин изготвен предлог Закон за судска служба, сметам дека има доста членови кои се против законски и против уставни согласно член 32 ст.3 и член 52 ст.4 од Уставот на Република Северна Македонија од причина што правата од работен однос кои со законско решение во минатото веќе се настанати, стекнати а со тоа и реализирани на вработени лица за време на важење на еден закон, не може по ниту еден основ да бидат подоцна изменети, намалени, ограничени, негирани или во целост укинати, бидејќи со тоа се доведува до загрозување на правната сигурност на граѓаните и непочитување на принципот на владеење на правото како темелни вредности што е спротивно на уставниот поредок.

Ваквите наводи ги темелам на следниве аргументи:

Законодавецот претходно при изготвување на Законот на судска служба водел сметка за законитоста и правата на судската полиција и истите имале утврдено работно место **„В1“** како и во делот на исплата на плата во одност на делот како компонента на стекнато образование и тоа во Закон за судска служба Сл.Весник на РМ бр. 43 од 04.03.2014 член 128 ст.1 и ст.2 година како и во Законот за изменување на судска служба Сл.Весник на РМ бр.235/22 од 04.11.2022 година член 128 ст.3, па од тие причина на вработените судски полицијци им беше признаено стекнатото високо образование (*исто и по примерот како и на останатите судски службеници*) иако немаа звање на командир или заменик на командир на судска полиција, но тоа не е случај и со новиов предлог закон за судска служба па тие стекнати субјективни права се пропуштени, не се предвидени такви како што се стекнати и во целост се поништени. Морам да потенцирам дека ваквите стекнати права се еден од аспектите на ретроактивноста, бидејќи тие забрануваат повратно дејство на законот, односно негова примена на случаи што настанале пред неговото влегување на сила освен во случаи кога тоа е поповолно за работникот - т.е субјектот.

Исто така сакам да потенцирам дека законодавецот во овој предлог Закон за судска служба видно ги има запоставено и не се до крај дефинирани правата на вработените во судската полиција, а во некои членови се и дискриминирани во однос на судските службеници.

Од погоре наведените причини, предлагам да се корегираат, надополнат и изменат овие неправилности и тоа во член 74, член 121, член 123, член 125 , член 141, член 142 како и додавање на нов член 167-а кој ќе ги регулира дополнително платите и надоместоците на судската полиција.

Во продолжение ги наведувам предлог измените и надополнувањата на Законот за судска служба по членови:

*Членот 74 да гласи:*

**Член 74**

**– Други надоместоци на плата на судските службеници и судските полицајци**

Судските службеници и судските полицијци имаат право на надоместоци на плата и други надоместоци согласно овој закон и општите прописи за работни денови:

- Патни трошоци од местото на живеалиште односно престојувалиште до работното место и обратно, во висина ***од 100%*** на цената на повратен месечен билет автобуски билет или доколку нема редовен автобуски превоз по реални автотакси трошоци, доколку работното место од местото на /ивеалиште односно претстојувалиште на вработениот судски полицаце е оддалечено повеќе од 2.5 километри.

*Членот 121 да гласи:*

**Член 121**

(1) Работните места на судската полиција се класифицираат согласно:
- Одговорноста, видот и сложеноста на работните задачи на работното место и
- Потребните стручни квалификации, работното искуство во струката, претходно стекнатите права, посебни компетенции и други критериуми од значење на работното место;

(2) Критериумите од ставот 1 алинеја 2 од овој член и во актот на систематизација на работните места на судот се утврдуваат како посебни услови за работното место.

*Членот 123 да гласи:*

**Член 123**

(1) За судската полиција, нивоата во рамките на категориите дополнително се опишуваат со звање и тоа:

**Д1- командант на судска полиција;**

**Д2- командир на судска полиција;**

**Д3- заменик-командир на судска полиција;**

**Е1- виш судски полицаец од прво ниво**

**Е1- виш судски полицаец од второ ниво;**

**Е1- виш судски полицаец од трето ниво;**

**Е1- виш судски полицаец од четврто ниво и**

**Е2 – судски полицаец.**

*Членот 125 да гласи:*

**Член 125**

Ниво на работно место на судската полиција од категорија Е

(1) Во рамките на категоријата Е се утврдуваат следниве нивоа:

- **Е1- виш судски полицаец од прво ниво – со завршено високо образование или со 300 ЕКТС или завршен VII/2 степен;**
- **Е1- виш судски полицаец од второ ниво – со завршено високо образование или 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен;**
- **Е1- виш судски полицаец од трето ниво – со завршено вишо образование или 180 ЕКТС ЕКТС ;**
- **Е1- виш судски полицаец од четврто ниво и**
- **Е2- судски полицаец**

(2) Вишиот судски полицаец и судскиот полицаец, покрај општите услови утврдени во член 23 од овој закон, треба да ги исполнат и следниве посебни услови за работно место;

1) **Стручни квалификации – за сите нивоа – да има завршено најмалку средна стручна спрема IV или 240 кредити според ЕЦВЕТ, 180 ЕКТС или вишо образование, 240 ЕКТС или VII/1 и 300 ЕКТС или завршен VII/2 степен.**

*Членот 141 став 4 да гласи:*

**Член 141**

4) Коефициентот на сложеност на работното место се утврдува со овој закон или колективен договор, според нивото односно звањето на судските полицајци, на следнив начин:

- **Д1- Командант на судската полиција од Врховниот суд- коефициент 1.32**
- **Д2- Командир на судска полиција ..................................... коефициент 1.26**
- **Д3- Заменик командир на судска полиција ....................... коефициент 1.24**
- **Е1 – Виш судски полицаец од прво ниво ........................... коефициент 1.22**
- **Е1- Виш судски полицаец од второ ниво .......................... коефициент 1.15**
- **Е1- Виш судски полицаец од трето ниво ........................... коефициент 1.10**
- **Е1- Виш судски полицаец четврто ниво со најмалку средна стручна спрема IV или 240 кредити според ЕЦВЕТ.......................... коефициент 0.99**
- **Е2 – Судски полицаец .......................................................... коефициент 0.95**

*Членот 142 да гласи:*

**Член 142**

(1) Исклучителната компонента на плата ја сочинуваат додатокот на плата за посебни услови за работа.

(2) Додаток на платата за посебни услови за работа претставува:

- ноќна работа;
- работа подолга од полното работно време;
- работа во смени, односно турнуси;

- работа изложена на висок ризик;
- работа во недела;
- работа за време на празници и други неработни денови утврдени со закон;
- додаток од член 119;
- додаток од член 74

*Да се додаде нов член 167 –а кој ќе гласи:*

**Статусни прашања**

**Член 167-а**

Работодавачите на вработените судски службеници и судски полицајци, кои претходно имале веќе настанати, стекнати, реализирани субјективни права во однос делот на плата за степен на образование кој е законски минимум за соодветното звање на работното место како и по други основи, истите мора да продолжат, да се применуваат и во иднина со новиот закон, поточно не смеат да им бидат по ниту еден основ изменети, намалени, ограничени, негирани или во целост укинати, во спротивно на ваквата примена работодавачи ке бидат казнети за таквите незаконски дејствија.

Се надеваме дека овие наши предлози ќе бидат разгледани и прифатени во целост од Ваша страна и истите ќе бидат инкорпорирани во новиот Закон за судска служба.

Со почит,